**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК

## за VIII одделение

**Скопје, 2025 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Германски јазик |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VIII (осмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Јас и другите<br>• Мојот распуст, моите планови<br>• Медиумите и училишната средина |
| **Број на часови** | 2 часа неделно / 72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • компјутер, печатач, проектор, табла, CD/DVD-плеер, интерактивна табла<br>• фотографии, постери, слики, предмети, флеш-карти, стикери, материјал за изработка на роденденски честитки/а, хартија, ножици, хартија во боја, лепак, блокови, пластелини, дрвени боички, фломастери<br>• учебник, прирачници, речници, списанија (во печатена и/или електронска форма) |
| **Норматив на наставен кадар** | - завршени студии по германски јазик и книжевност - наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по германски јазик и литература – наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по германски јазик и книжевност/литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени двопредметни студии по македонски и германски јазик, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС; |

| | |
|---|---|
| | - завршени студии по германски јазик (со звање дипломиран филолог), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- завршени студии по германски јазик на друга студиска програма во комбинација со друг јазик , со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето **Користење други јазици** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| II-A.12 | да разбере фрази и најчесто употребуван вокабулар што се однесува на области од најнепосредна лична важност (на пр. најосновни лични и семејни информации, купување, исхрана, здравје, околина), |
| II-A.13 | да ја сфати главната поента во куси, јасни, едноставни пораки и соопштенија, |
| II-A.14 | да чита куси, едноставни текстови и да разбере куси едноставни пораки во рамки на позната тематика, |
| II-A.15 | да најде конкретни информации во едноставни секојдневни материјали (реклами, проспекти, менија, возни редови и сл.), |
| II-A.16 | да комуницира во едноставни и рутински ситуации кои бараат едноставна и директна размена на информации за познати теми и активности, |
| II-A.17 | да иницира и да учествува во куси конверзации на позната тематика, |
| II-A.18 | да користи низа од фрази и реченици за да го опише со едноставни зборови семејството и другите луѓе, животните услови, интресите и секојдневните активности, |
| II-A.19 | да напише куси, едноставни белешки и пораки коишто произлегуваат од секојдневна потреба, |
| II-A.6 | да ги изговара јасно и правилно сите гласови и гласовни групи, почитувајќи ги правилата за акцентирање и интонација, при што евентуалните неправилности не јапопречуваат комуникацијата, |
| II-A.8 | да ги пишува зборовите и изразите со релативна точност, применувајќи ги правописните правила, |
| II-A.9 | да ги почитува основните граматички правила и исклучоците при писмено и усно изразување. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |

| | |
|---|---|
| II-Б.1 | преку изучување на друг јазик се олеснува учењето на повеќе јазици и можноста за комунакација со припадници на различни културни/јазични групи, |
| II-Б.2 | познавањето на повеќе јазици го олеснува пристапот до ресурси што се корисни за совладување на други наставни предмети/содржини, |
| II-Б.3 | преку изучувањето на други јазици се развива интерес и љубопитност за различни јазици и култури, |
| II-Б.4 | преку изучувањето на други јазици се развива почитување за другите култури и се подобруваат интеркултурните компетенции. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Дигитална писменост** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ, да одбере и инсталира програми што му се потребни, да користи програми за заштита и да реши рутински проблеми во функционирањето на дигиталните уреди и мрежи, |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот, |
| IV-А.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоците и да ги претстави на различни начини, почитувајќи ги правилата за користење, |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби, |
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци, |
| IV-А.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор да ги почитува различните учесници и да ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава, |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди, |
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и кибернасилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници, |

| | |
|---|---|
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила, и за добро на луѓето. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Личен и социјален развој** на Националните стандарди:

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување, |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување, |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина, |
| V-А.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата, |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин, |
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите, |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите, |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и донесува рационални одлуки. |
| V-А.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува, |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации, |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби, |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Општество и демократска култура** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата, |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува, |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по било која основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн), |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.), |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот, |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Техника, технологија и претприемништво** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VII-A.3 | да објасни како напредните технички и технолошки системи/продукти го подобруваат секојдневниот живот на луѓето. |
| *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* | |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од подрачјето **Уметничко изразување и култура** на Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури, |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување, |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

| | |
|---|---|
| **Тема: Јас и другите**<br><br>Вкупно часови: **24** | |
| **Резултати од учење:**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. разбере информации во куси пишани или слушнати текстови во врска со физички изглед и карактерни особини на лица;<br>2. употребува усвоена и новоусвоена лексика за да го опише во устен и писмен формат сопствениот карактер и карактерот и физичкиот изглед на личност од непосредното опкружување;<br>3. побара и даде информации во врска со идни планови и активности;<br>4. прифати, одбие и даде покана за идни планови и активности;<br>5. побара и даде мислење во врска со делови од облека;<br>6. искаже нарачка за храна и пијалаци во угостителски објект и да побара сметка;<br>7. пренесе писмено и усно едноставни искази и прашања од германски на мајчин јазик, поврзани со опис на физички изглед и карактерни особини на личност, делови од човечкото тело и делови од облека. | |
| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
| а) Јазични функции:<br>• опишување физички изглед | • Употребува усвоена лексика за опишување физички изглед и карактерни особини. |

| | |
|---|---|
| *Mein Freund Peter ist 13 Jahre alt. Er ist etwa 1,60 Meter groß, seine Haare sind schwarz und seine Augen grün. Meistens trägt er Jeans und ein T-Shirt und Turnschuhe auf seine Füße.*<br>• опишување на сопственоит или карактерот на друго лице<br>*Meine Oma heißt Ana. Sie ist schon alt aber sehr lebhaft. Sie ist sehr sensibel und freundlich mit allen. Sie ist auch gesprächig und hört immer aufmerksam zu.*<br>• планирање средба или идни активности<br>*Dieses Jahr will ich Silvester mit meiner Familie feiern. Meine Oma sagt, dass sie das Abendessen kocht. Es soll echt lecker sein.*<br>*– Wo verbringst du dieses Jahr deinen Urlaub? - Ich möchte gern nach Spanien fliegen.*<br>*– Wir gehen morgen Abend ins Café. Kommst du mit? - Leider darf ich nicht mitkommen. Meine Mutter sagt, ich muss Klavier üben.*<br>• барање и искажување мислење во врска со делови од облека<br>*– Wie steht mir die Bluse? – Sie steht dir echt gut./Meiner Meinung nach, sie ist zu weit. Du sollst eine andere/kleinere Größe probieren.* | • Составува говорни искази користејќи новоусвоена лексика за да ги опише по изглед и по карактер личностите од непосредното опкружување (членови на семејството, пријатели, соученици).<br>• Бара и дава информации во врска со идните планови и активности.<br>• Прифаќа, одбива и дава покана за идни планови и активности.<br>• Бара и дава мислење во врска со делови од облека.<br>• Пренесува писмено и усно куси искази и прашања од германски на мајчин јазик поврзани со опис на физички изглед и карактерни особини. |
| б) Лексички единици:<br>• лексика поврзана со опис на физички изглед: *kräftig, schlank, mager, muskulös, schmal, dick, athletisch, klein, groß, riesig, blond, brünett, schwarz, kurz, lang, hübsch, schön, hässlich, sympatisch*<br>*Meine Schwester ist 17 Jahre alt, aber nicht so groß, ungefähr 1,50 Meter. Sie ist schlank und atlethisch. Ihre Haare sind lang und blond, ihre Augen braun. Sie hat rote Lippen und ihre Nase ist schmal. Sie sieht sehr sympatisch aus und trägt immer bunte Kleider.*<br>• делови од телото: *die Haare, das Auge, der Kopf, das Gesicht, der Mund, die Lippen, die Zähne, die Nase, die Ohren, der Hals, der Arm, das Bein, das Knie, der Ellbogen, die Hand, der Fuß, der Finger, der Zeh, der Rücken, der Bauch, das Kinn, die Stirn*<br>*Meine Ohren sind groß, aber nicht so groß wie meine Nase. Sie ist bestimmt länger.* | • Ги употребува усвоените лексички единици поврзани со опис на изглед и опис на карактерни особини.<br>• Препознава и набројува нова лексика поврзана со темата во куси слушнати или пишани текстови.<br>• Користи новоусвоени придавки за да опише изглед или карактерни особини на личности од непосредното опкружување.<br>• Именува хороскопски знаци на германски јазик.<br>• Образува говорни искази во писмен и устен формат за да нарача храна и пијалак.<br>• Составува говорни искази за да побара и плати сметка.<br>• Преведува и толкува едноставни искази од германски на мајчин јазик поврзани со опис на личности, делови од човечкото тело и облека. |

| | |
|---|---|
| *Der Kopf, der Rücken, der Bauch, die Ärme und die Hände machen den Oberkörper.*<br>• облека и модни додатоци: *die Kappe, die Mütze, das T-Shirt, das Top, der Pullover, das Hemd, die Jacke, das Kleid, die Hose, die Jeans, der Rock, die Shorts, der Jogginganzug, die Strumpfhose, die Schuhe, die Turnschuhe, die Socken, die Stiefel; der Schal, das Tuch, die Brille, der Schmuck, die Ohrringe, die Kette, der Ring, die Armbanduhr, der Gürtel, das Armband*<br>*Von Accessoires mag ich Schmuck am besten: Halsketten, Ohrringe und Armbänder machen das Outfit immer besser.*<br>*Einen Jogginganzug und Turnschuhe trage ich, wenn ich joggen gehe.*<br>• лексика поврзана со опис на карактерни особини: *nett, cool, süß, abenteuerlustig, leidenschaftlich, selbstsicher, zuverlässig, un/geduldig, treu, emotional, sensibel, un/freundlich, stolz, selbstbewusst, großzügig, eitel, praktisch, pünktlich, schüchtern, gesprächig, lächelnd, ruhig, lebhaft, aufmerksam, offenherzig, entschlossen, neugierig, offen*<br>*Thomas ist sehr intelligent. Leider ist er auch sehr faul.*<br>*Meine Freundin Maria ist abenteuerslustig—sie sucht immer neue Erlebnisse, die ihr interessant sind.*<br>*Ich kann sagen, dass er treu und zuverlässig ist.*<br>• хороскоп и хороскопски знаци: *der Widder, der Stier, die Zwillinge, der Krebs, der Löwe, die Jungfrau, die Waage, der Skorpion, der Schütze, der Steinbock, der Wasserman, die Fische*<br>*Man sagt, Widder sind selbstbewusst, aber mein Freund ist ein Widder und er ist sehr schüchtern.*<br>• нарачување храна и пијалаци<br>*– Ich möchte eine Pizza mit Schinken und Pilzen, bitte. – Essen Sie hier oder zum Mitnehmen?*<br>*– Ich esse hier, danke.*<br>• барање сметка<br>*– Die Pizza war prima! Ich hätte gerne die Rechnung, bitte. – Das macht 6,50 Euro. – Hier sind 7 Euro. Das stimmt.* | |

| | |
|---|---|
| в) Граматички структури:<br>• често употребувани слаби и јаки глаголи во сегашно време: *(ab)holen, (ab)schließen, (an)fangen, ankommen, anmachen, (an)rufen, ansehen, aussehen, beschreiben, bleiben, bezahlen, empfehlen, fallen, gefallen, gehören, laufen, liegen, passen, probieren, sitzen, tragen, treffen, vergessen, vorbereiten, sich vorstellen, wissen, (an/aus)ziehen*<br>*Kannst du mir deinen Freund beschreiben? Wie sieht er aus? Was trägt er am meisten? Stell ihn mir bitte vor!*<br>*Es ist kalt draußen. Ziehe deine Jacke an.*<br>*Ich habe gesagt, dass ich mit dem Essen fertig bin. Wir können jetzt bezahlen.*<br>• модални глаголи: *dürfen, können, müssen, sollen*<br>*Hier darf man nicht die Straße überqueren.*<br>*Musst du wirklich zu Hause bleiben?*<br>*Ich soll mehr Obst essen, sagt der Arzt.*<br>• модален глагол *mögen* како главен глагол<br>*Ich mag nicht gern Fleisch essen.*<br>*Mario mag Fußball, Bücher lesen, schwimmen gehen und Pop-Musik.*<br>*Magst du lieber Pasta oder Pizza?*<br>• глаголи со објект во акузатив<br>*Ich habe ein Problem und weiß nicht, was ich tun soll. Ich rufe meine Freundin an, wir suchen zusammen eine Lösung für das Problem.*<br>• предлози со акузатив: *bis, durch, für, gegen, ohne, um*<br>*– Wann und wo treffen wir uns? – Um neun Uhr, um die Ecke.*<br>*Wie weit ist es von der Schule bis zum Sportzentrum? – Nicht weit, bis dorthin sind es etwa 300 Meter.*<br>*Meine Nachbarin ist sehr neugierig. Sie schaut immer durch das Schlüsselloch.*<br>*Er hat immer sein Handy in der Hand. Dann ist sehr unachtsam und läuft fast täglich ohne Absicht gegen eine Lanterne.Zum Glück endet das ohne Verletzungen.* | • Ги разликува и правилно ги применува модалните глаголи *dürfen, können, müssen* и *sollen* во сегашно време.<br>• Правилно го употребува модалниот глагол *mögen* во сегашно време како главен глагол во исказни и во прашални реченици за да искаже општо допаѓање.<br>• Правилно гради директен предмет користејќи глаголи со објект во акузатив.<br>• Ги разликува и правилно ги употребува предлозите со акузатив *bis, durch, für, gegen, ohne u um* за да изрази начин, цел, придружен елемент, насока и одредиште, место и време.<br>• Ги разликува и правилно ги применува прашалните заменки *wer* и *was* во номинатив, во акузатив и во датив.<br>• Разликува значење на определен, неопределен и нулов член пред именки во номинатив и во акузатив и правилно ги употребува.<br>• Ги разликува и правилно ги применува формите на личните заменки во номинатив, во акузатив и во датив.<br>• Употребува описни придавки во предикативна и во прилошка употреба и правилно ги степенува.<br>• Правилно ја позиционира личноглаголската форма на второ место во главна исказна реченица, во главна заповедна реченица, во отворено и во затворено прашање.<br>• Разликува можност за употреба на заменка, именска синтагма, модален збор или комбинација од прилог, придавка или предлог со именска синтагма на првото место во главна реченица со личноглаголска форма на второто место. |

| | |
|---|---|
| *Die Ohhringe habe ich für meine Mutter gekauft und die Armbanduhr für meinen Vater.*<br>• прашални заменки: *wer, was* во номинатив, акузатив и датив<br>*– Wer ist das? – Das ist Peter, der neue Schüler.*<br>*– Was ist das? – Ich kann es dir nicht sagen, es ist eine Überraschung!*<br>*– Wen triffst  du heute Abend? – Ich treffe meinen Freund Thomas und seine Schwester.*<br>*– Was hast du vergessen? – Meinen Pulli.*<br>*– Wem gehört der Schal da? – Er gehört mir.*<br>• именки со определен, со неопределен и со нулов член во номинатив и во акузатив<br>*Ich habe eine Frau gesehen. Der Schüler gibt der Schülerin einen Bleistift. Er will Arzt werden. Auf der Party gibt es Limonade, Cola, Säfte und Mineralwasser.*<br>• лични заменки во номинатив, акузатив и датив<br>*Sie schreibt ihm einen Brief.*<br>*Wo ist mein Schlüssel? Ich kann ihn nicht finden.*<br>*Er gibt euch den Ball.*<br>• описни придавки во предикативна и во прилошка употреба<br>*Peter ist hungrig. Tims Scooter ist schnell.*<br>*Claudia arbeitet viel für ihre Hausaufgaben. Der Scooter fährt schnell.*<br>• степенување на придавки во предикативна употреба<br>*Leon spricht Deutsch gut, aber Jonas spricht besser und Felix spricht am besten.*<br>• личноглаголска форма на второ место во главна исказна реченица и во отворено прашање<br>*Daniel kommt aus Deutschland.*<br>*Wohin fährst du in den Ferien?*<br>• личноглаголска форма на прво место во главна заповедна реченица и во затворено прашање<br>*Arbeite bitte schneller! Mach das Fenster auf!*<br>*Bezahlst du die Rechnung? Spielst du Tennis?* | • Правилно гради реченична рамка употребувајќи лична глаголска форма на прво, односно второ место и нелична глаголска форма на последно место во исказни и во прашални реченици.<br>• Препознава зависни реченици со подредувачкиот сврзник *dass* и правилно ја гради нивната реченична рамка.<br>• Правилно ги изговара гласовите [e:], [ɛ:], [ɛ], [ə], [ɐ] и изговара цели реченици со правилна интонација и акцент.<br>• Пренесува и толкува куси реченици од германски на мајчин јазик користејќи лексика поврзана со опис на физички изглед наличност, нејзини карактерни особини, делови од облека и делови од човечкото тело. |

| | |
|---|---|
| • прво место во главна реченица со личноглаголска форма на второ место<br>- заменка<br>*Du singst sehr gut. Wir waschen heute das Auto.*<br>- именска синтагма<br>*Der Schüler spricht leise. Ich und meine Schwester gehen ins Kino.*<br>- прилог, придавка или предлог + именска синтагма<br>*Morgen fahren wir an der Nordsee für den Tag. Dort gehen wir schwimmen. Am Abend fahren wir dann nach Hause zurück.*<br>- модален збор<br>*Glücklicherweise sind wir nicht zu spät gekommen. Vielleicht scheint morgen die Sonne.*<br>• реченична рамка: второ и последно место од лична и од нелична глаголска форма<br>- модален и главен глагол во исказна реченица и во отворено прашање<br>*Peter darf nicht rauskommen, seine Mutter hat gesagt.*<br>*Warum musst du so früh nach Hause gehen?*<br>- помошен и главен глагол во исказна реченица и во отворено прашање<br>*Mia hat gestern neue Jeans gekauft.*<br>*Wo hast du das Kätzchen gefunden?*<br>• реченична рамка: прво и последно место од лична и од нелична глаголска форма<br>- модален и главен глагол во затворено прашање<br>*Darf ich mich hier setzen?*<br>*Musst du die Musik so laut spielen?*<br>- помошен глагол и главен глагол во затворено прашање<br>*Hast du schon die Zähne geputzt?*<br>*Bist du wirklich nach die Malediven geflogen?*<br>• зависни реченици со подредувачкиот сврзник *dass* и нивна реченична рамка<br>*Der Lehrer sagt, dass wir keine Hausaufgaben haben.* | |

<table>
<tr><td>Er hat gesagt, dass er die Hausaufgaben gemacht hat.<br>• изговор, акцент и интонација: [e:], [ɛ:], [ɛ], [ə], [ɐ]:<br>Jäger, stehlen, Schnee; Käse, nett, verlieren; Stelle, Mädchen, echt; bitte, gesagt, behalten;   Bruder, Ohr, Leder</td><td></td></tr>
<tr><td>г) Содржини за дискусија:<br>• Разликите и сличностите во националниот менталитет на луѓето во нашата земја и во Германија.<br>• Карактерни особини на хороскопските знаци.</td><td>• Ги искажува сличностите и разликите во изгледот, карактерните особини и однесувањето меѓу луѓето во нашата земја и Германија.<br>• Преку едноставни искази ги опишува типичните карактерни особини на хороскопските знаци, согласно своите сознанија.</td></tr>
</table>

**Примери на активности:**

*(Дел од примерите обединуваат повеќе стандарди за оценување од иста содржина што може да се реализираат во повеќе часови. Дадените примери може да послужат и како модел за креирање нови активности за истите стандарди или за другите кои не се опфатени со нив.)*

- Бура на идеи: учениците ги активираат предзнаењата на мајчин или на германски јазик во врска со лексичката или граматичката единица која се обработува.
- Учениците добиваат пасуси од текст, но со измешан редослед. Тие треба да ги подредат деловите од текстот по правилен редослед.
- Вежби со повеќечлен избор: Учениците ја бираат точната од неколку понудени лични заменки во датив и акузатив. (*Ich empfehle (er) das Restaurant. a)* ***ihm*** *b) er c) es*) Вежбата може да се прилагоди и за други граматички структури или лексички единици.
- Наставникот/наставничката именува категорија (облека, делови од човечкото тело, придавки за опис на изглед или карактерни особини итн.) и кажува буква на која мора да започнат сите зборови. Учениците работат во парови и имаат една минута за да напишат што е можно повеќе поими на дадената буква.  Играта продолжува кога наставникот/наставничката ќе каже нова буква.
- *Partner Interview*: Учениците работат во парови, при што едниот му поставува прашања на соговорникот во врска со неговиот/нејзиниот избор за облека, а тој/таа одговара. Потоа ученикот/ученичката што интервјуирал/а го претставува соученикот пред одделението.
  *A: Was trägst du am meisten? B: Am meisten trage ich Jeans und eine Bluse. A: Was trägst du nie im Sommer? B: Im Sommer trage ich nie eine Jacke. A: Beschreib deinen alltäglichen Look: Kleidung, Farben, Stil. B: Normalerweise trage ich...*
  Вежбата може да се адаптира и со прашања поврзани со карактерните особини на испитаникот: Bist du ordentlich/fleißig/sportlich и сл.
- *Quizlet Flashcards*: Наставникот/наставничката на таблата пишува придавка за опис на изглед или карактерна особина, а учениците кажуваат по еден синоним и по еден антоним за придавката.

- *Staffellauf* (Штафета): Учениците работат во парови, а од наставникот/наставничката добиваат по 5 картички со придавки на нив. Ученикот/ученичката 1 го кажува компаративот на дадената именка, а ученикот/ученичката 2 ја кажува нејзината форма во суперлатив. Секој пар има по 2-3 минути за да ги именува формите од сите картички, а кога ќе завршат ги менуваат картичките со друг пар ученици кои имаат други придавки на нивните картички. Играта трае додека сите парови не ги поминат сите картички во училницата.
- *Kreuzwortspiel* (Крстозбор): Учениците во крстозбор ги допишуваат предметите кои означуваат делови од облека според дадени цртежи или слики. Вежбата може тематски да се прилагоди и да содржи лексика поврзана со делови на човечкото тело, хороскопски знаци, придавки за опис на изглед и/или карактерни особини.
- Корекција на грешки: Наставникот/наставничката им дава на учениците реченици во кои има барем една грешка, на пример, во редоследот на зборови. Учениците треба да ја најдат грешката и да ја напишат одново реченицата со точниот редослед на зборовите. (На пример: *Gestern* ***meine Mutter*** *ist in den Supermarkt gegangen.—Gestern* ***ist*** *meine Mutter in den Supermarkt gegangen./****Meine Mutter*** *ist gestern in den Supermarkt gegangen.*)
- Поврзување делови на сложена реченица: Учениците работат во групи, при што секоја група е поделена на две подгрупи. Првата подгрупа добива картички со напишани главни реченици, а втората добива картички со напишани зависни реченици со подредувачкиот сврзник *dass*. Тимовите работат заедно за успешно да ги спојат главните со зависните реченици.
- *Rollenspiel* (Играње улоги според дадени модели): Учениците работат во парови и драматизираат пробување облека во продавница за облека, при што првиот соученик од парот прашува за мислење, а вториот дава одговор.
  *A: Fertig! Na, wie steht mir die Bluse? B: Fantastisch! Die Farbe ist gut und sie passt dir echt gut. Kaufst du sie? A: Ja, wenn du sie gut findest, kaufe ich sie.*
- Учениците добиваат слика од позната личност и ја опишуваат личноста во однос на физичкиот изглед и облеката и модните додатоци што ги носи, притоа употребувајќи соодветна лексика и описни придавки.
  *Das ist Toni Garrn. Sie ist ein Fotomodell und sehr groß. Sie hat blonde Haare und ihre Augen sind blau. Sie trägt ein Kleid. Es ist gold und sehr schön. Sie hat eine Halskette und Ohrringe. Sie sind auch gold. Sie sieht wunderbar aus.*
- Пишување писмо до непознато другарче: Учениците пишуваат писмо во кое опишуваат личност од семејството, другар/другарка, соученик/соученичка.
- Развивање дискусија за сличностите и разликите во изгледот, карактерните особини и однесувањето меѓу луѓето во нашата земја и Германија.
- Секој од учениците пишува краток текст за својот хороскопски знак, а потоа го презентира пред соучениците и се развива дискусија колку учениците ги познаваат карактеристиките на хороскопските знаци.

Тема: **Мојот распуст, моите планови**

Вкупно часови: **24**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:

1. разбере глобално и селективно информации во средно долги слушнати или пишани автентични и прилагодени текстови во врска со познати теми;
2. учествува во куси и едноставни говорни интеракции за да раскаже настани и доживувања;
3. искаже и образложи претпоставки и желби;
4. опише временски појави и услови;
5. пишува куси едноставни текстови.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| а) Јазични функции:<br>• раскажување настани, патувања и доживувања<br>*Ich war zwei Wochen mit meinen Eltern in den Ferien. Und danach habe ich mit meinen Cousins Moriz und Niklas in Frankreich eine Fahrradtour gemacht.*<br>• искажување претпоставки, желби и сомнежи<br>*Ich glaube, Konstantin hat mit seinen Geschwistern eine Städtetour gemacht.*<br>*Ich vermute, er war mit seinem Bruder Lukas unterwegs.*<br>*Ich denke, sie sind zehn Tage dort geblieben.*<br>*Vielleicht sind sie in die Berge gefahren. Wahrscheinlich haben sie viele Sehenswürdigkeiten besichtigt.*<br>*Eva will Polizistin werden.*<br>*Das glaube ich nicht.*<br>*Das ist nicht wahr.*<br>*Das kann nicht sein.*<br>*Das stimmt vielleicht.* | • Разликува одредени информации во подолг текст.<br>• Применува самостојно и продуктивно извежбани и препорачани јазични средства за образување на нови искази.<br>• Опишува познати ситуации, односи и прераскажува доживувања.<br>• Искажува желби во врска со планирани настани.<br>• Изразува тек на настани по хронолошки редослед.<br>• Искажува чувства и негодување и прифаќа дадена покана.<br>• Одбива дадена понуда и ја образложува причината.<br>• Применува исказни реченици кои искажуваат сомнеж и претпоставка. |

| | |
|---|---|
| • образложување причина<br>– *Warum hast du mit dem Tanzkurs aufgehört?*<br>– *Ich habe aufgehört, weil ich nicht gut genug war.*<br>• известување за славење празници<br>*Zum Oktoberfest tragen bei uns viele Leute Dirndl und Lederhose. Da kann man Musik hören, mitsingen, etwas trinken und essen und zusammen Spaß haben.*<br>• прифаќање и одбивање покана<br>*– Hallo Tim, ich möchte dich zum Schulfest am Samstagnachmittag einladen. Wollen wir hingehen?*<br>– *Das ist ja super. Eine tolle Idee!*<br>– *Ich habe leider nicht frei. Ich muss meinem Opa helfen.*<br>• формулирање оправдувања<br>*Der Wecker hat nicht geklingelt.*<br>*Ich hatte einen Unfall.*<br>*Der Bus ist nicht gefahren.*<br>*Ich musste eine halbe Stunde auf den Bus warten.*<br>• искажување добро и лошо расположение<br>*Es ist gigantisch.*<br>*Das klingt super. Voll cool! Wie wunderschön! Das finde ich total gemütlich.*<br>*Das ist aber romantisch!*<br>*Wie blöd! So schrecklich! Es ist nervig!*<br>*Für mich ist es langweilig! Es ist doof.*<br>*Da war nichts los.*<br>*Ich war sehr müde.* | |
| б) Лексички единици:<br>• видови патувања<br>*die Familienreise, die Klassenfahrt, die Weltreise, die Stadtrundfahrt, die Fahrradtour, der Campingurlaub*<br>*In den letzten Sommerferien haben wir mit unseren Klassenfreunden einen Campingurlaub in der Schweiz gemacht. Auf dem Campingplatz war noch* | • Препознава лексика поврзана со празници.<br>• Разбира зборови и изрази поврзани со патувања и доживувања од распустот. |

| | |
|---|---|
| *eine andere Jugendgruppe. Da war richtig was los, erst haben wir echt viel erzählt, dann haben wir am Lagerfeuer gesessen und gesungen.*<br>• видови сместувања<br>*die Jugendherberge, der Campingplatz, das Zelt, das Gasthaus, das Hotel, die Berghütte, das Ferienhaus, das Wochenendhaus, der Wohnwagen.*<br>*Am Nachmittag sind wir ins Berggasthaus angekommen. Der Hüttenwirt hat uns begrüßt und die Betten gezeigt. Alles war sehr einfach, aber schön.*<br>• активности за време на распустот<br>*ins Schwimmbad gehen, Muscheln sammeln, mit Bergbahn fahren, Kletterhalle besuchen, am Strand in der Sonne liegen, schwimmen, surfen, tauchen, segeln, rudern, bergsteigen, wandern, Karten spielen, grillen, Ski fahren, Schlittschuh laufen, Eislaufen, Schneemann machen.*<br>*Wir waren am Meer auf einer Insel. Dort haben wir Muscheln gesammelt, sind rund um die Insel gewandert und im Meer geschwommen.*<br>• превозни средства<br>*der Bus, das Auto, die Straßenbahn, die U-Bahn, die S-Bahn, das Fahrrad, der Roller, der Zug, das Flugzeug, das Motorrad, das Schiff, das Boot.*<br>*Wir sind mit dem Zug in die Schweiz gefahren. Unser Treffpunkt mit der Gruppe war am Bahnhof und von dort sind wir mit dem Bus weitergefahren.*<br>• празници<br>*Weihnachten, Ostern, der Muttertag, der Geburtstag, der Oktoberfest, der Silvester, der Karneval, das Schulfest.*<br>*Mein Lieblingsfest ist Weihnachten. Dann backen wir mit meiner Mutter Weihnachtskekse. Ein paar Tage vor Weihnachten bastle ich noch Geschenke und packe sie schön ein. Ich lege die Geschenke dann unter den Weihnachtsbaum.*<br>• професии<br>*der Lehrer – die Lehrerin;*<br>*der Elektriker – die Elektrikerin;*<br>*der Arzt – die Ärztin;* | • Прави разлика меѓу празниците во земјите од германското говорно подрачје со празниците од говорното подрачје каде што живее.<br>• Именува професии и активности поврзани со професијата.<br>• Непосредно  формулира изрази за опишување познати ситуации од секојдневието.<br>• Толкува средно долги искази поврзани со патувања и празници  од германски на мајчин јазик. |

| | |
|---|---|
| *der Friseur – die Friseurin;*<br>*der Journalist – die Journalistin;*<br>*der Verkäufer – die Verkäuferin;*<br>*der Fahrer – die Fahrerin;*<br>*der Kameramann – die Kamerafrau;*<br>*der Gärtner – die Gärtnerin.*<br>*Mein Opa ist Tierarzt, denn er hat schon als Kind Tiere geliebt. Zu Hause hat er immer noch viele Haustiere. Das ist sein Traumberuf.* | |
| в) Граматички структури:<br>• партицип перфект од често употребуваните слаби и јаки глаголи со деливи и неделиви префикси: *aufstehen, aufpassen, ankommen, mitkommen, mitmachen, losfahren, zurückkommen, einpacken, auspacken, hinfallen, aufbleiben, mitnehmen, einkaufen, weitergehen, wehtun; begrüßen, besuchen, besichtigen, bekommen, verstehen, vermuten, verraten, erzählen.*<br>*Nach zwei Stunden Wandern ist Laura hingefallen. Sie war müde und ihre Füße haben wehgetan. Aber bald ist sie aufgestanden und weitergegangen.*<br>• партицип перфект од глаголи кои завршуваат на наставката *„-ieren"* *fotografieren, passieren, organisieren , reservieren, trainieren.*<br>*In den Ferien ist es viel passiert. Wir haben eine Reise in die Berge organisiert und dort die schöne Landschaft fotografiert.*<br>• претеритум од *haben* и *sein*<br>*In den Ferien hatten wir schönes Wetter und waren sehr glücklich.*<br>• претеритум од модалните глаголи: *müssen, können, wollen*<br>*Dennis wollte gern etwas mit Technik machen, aber er konnte noch nicht seinen Fotoapparat reparieren. Er musste im Internet nachschauen.*<br>• прилози за време: *zuerst, dann, danach, anschließend, zum Schluss.*<br>*Zuerst haben wir einen Plan für den Urlaub gemacht. Dann haben wir die Fahrkarten online gekauft. Danach haben wir die Koffer eingepackt.* | • Препознава и применува присвојни членови во еднина и множина во датив.<br>• Разликува претставки за образување на деливи и неделиви глаголи.<br>• Применува правила за образување партицип перфект во сите лица еднина и множина кај деливите и неделивите глаголи.<br>• Применува правила за образување партицип перфект во сите лица еднина и множина кај глаголите што завршуваат на наставката *„-ieren"*.<br>• Користи претеритум од глаголите *haben* и *sein.*<br>• Образува претеритум од модалните глаголи *müssen, können* и *wollen.*<br>• Ги препознава и употребува прилозите за време што означуваат хронолошки тек на настаните.<br>• Прави разлика при употреба на определен и неопределен член во номинатив, акузатив и датив.<br>• Деклинира присвојни заменки во номинатив, акузатив и датив. |

| | |
|---|---|
| *Anschließend sind wir mit dem Taxi zum Bahnhof gefahren. Zum Schluss sind wir zum Treffpunkt angekommen.*<br>• определен и неопределен член во номинатив, акузатив и датив<br>*Im Sommer waren wir in den Alpen mit einer Gruppe von Jugendlichen, aber das Wetter war schlecht. Von uns hat jeder einen Rucksack mitgenommen. In der Nähe vom Camp war ein Dorf. Dort gab es eine Wiese, einen Berg und einen See.*<br>• присвојни заменки во номинатив, акузатив и датив<br>*Mit meinen Eltern war ich am Meer. Dort haben wir unsere Freunde getroffen. Ihre Kinder haben mit mir gespielt.*<br>• неопределените членски зборови: *all-, etwas* во номинатив, акузатив и датив<br>*Liebe Franziska,*<br>*ich verbringe schöne Zeit bei meinen Großeltern auf dem Bauernhof. Sie haben viele Tiere. Alles ist grün und wunderbar. Ich möchte dir etwas sagen…. Ich habe viele neue Freunde kennengelernt. Mehr erzähle ich dir bald.*<br>*Liebe Grüße*<br>*Deine Tanja*<br>• одречниот членски збор *kein* во номинатив, акузатив и датив<br>*Im Urlaub gab es Gewitter, aber ich hatte keine Angst.*<br>• одречната заменка *keiner* во номинатив, акузатив и датив<br>*Wir wollen Winterurlaub machen, aber keiner von uns kann Skifahren. Also haben wir andere Pläne gemacht, weil es keinem gefallen hat, die ganze Zeit im Hotel zu verbringen.*<br>• деклинација на именката во номинатив акузатив и датив<br>*Wann kommt der Bus? – Ich weiß nicht! - Hast du nicht den Plan? – Nein , ich fahre mit dem Zug.*<br>• придавка во атрибутска употреба: деклинација во номинатив и акузатив зад определен член, зад неопределен член и при нулов член<br>*Er ist ein guter Camper, er kommt immer vorbereitet. Im Campingplatz gibt es bunte Zelte, man braucht nur eine Luftmatratze mitbringen.* | • Прави разлика помеѓу неопределените членски зборови *all-* и *etwas* и правилно ги употребува во номинатив, акузатив и датив.<br>• Го идентификува и применува одречниот членски збор *kein* во номинатив, акузатив и датив.<br>• Ја препознава и ја употребува одречната заменка *keiner* во номинатив, акузатив и датив.<br>• Ги препознава предлозите со датив: *ab, aus, mit, von* во даден контекст.<br>• Користи предлози со датив и со акузатив: *an, auf, bis, gegen, hinter, in, neben, über, unter, vor, zwischen.*<br>• Образува зависни реченици со подредувачкиот сврзник *weil.*<br>• Правилно деклинира придавки во атрибутска употреба во номинатив и во акузатив зад определен член, зад неопределен член и при нулов член.<br>• Прави разлика во начинот на акцентирање кај глаголите со деливи и неделиви претставки и правилно ги изговара. |

| | |
|---|---|
| *Ich habe die neue Buchung im Internet gemacht. Ich brauche nur Geld und den neuen Pass, dann kann ich losfahren.*<br>• присвојни членови во датив<br>*mit meinem/deinem/seinem/ihrem/unserem/ eurem/ihrem/Ihrem Bruder;*<br>*mit meiner/deiner/seiner/ihrer/unserer/eurer/ ihrer/Ihrer Schwester;*<br>*mit meinem/deinem/seinem/ihrem/unserem/ eurem/ihrem/Ihrem Auto;*<br>*mit meinen/deinen/seinen/ihren/unseren/euren /ihren/Ihren Freunden.*<br>*Sabrina war mit ihrem Bruder und ihren Eltern in Madrid.*<br>*Robbie war zehn Tage bei seinem Vater in Hamburg.*<br>• предлози со датив: *ab, aus, mit, von*<br>*Der Zug fährt ab Hauptbahnhof von hier aus.*<br>*Aus der Schweiz fahren wir mit unserer Klasse nach Italien.*<br>• предлози со датив и со акузатив: *an, auf, bis, gegen, hinter, in, neben, über, unter, vor, zwischen*<br>*Mein Vater ist Tischler. In seiner Werkstatt baut er Möbel. Auf seinem Arbeitstisch liegen viele Werkzeuge. Über dem Tisch hängt eine Lampe, hinter dem Tisch gibt es einen Schrank. Neben den Tisch hängt er seine Skizze auf.*<br>• зависни реченици со подредувачкиот сврзник *weil*<br>*Der Beruf Informatiker gefällt Paul, weil er viel Geld verdienen kann.*<br>• изговор и интонација: акцентирање на глаголите со делив и неделив префикс<br>***auf**passen, **auf**bleiben, **mit**machen, **ein**packen;*<br>*besuchen, verstehen* | |
| г) Содржини за дискусија:<br>• Професија од соништата<br>Mein Traumberuf<br>• Празници и обичаи<br>Was ist dein Lieblingsfest? | • Пронаоѓа информации за познати личности и нивните професии и ја опишува својата професија од соништата.<br>• Ги именува празниците и обичаите во земјите од германското говорно подрачје и ги споредува со оние во својата земја. |

**Примери на активности:**

- Учениците ги подредуваат составните делови од текстот по хронолошки редослед врз основа на прилози за време.
- Учениците дополнуваат текстови со празнини.
- Учениците одговараат на прашања на претходно подготвени картички во врска со темите: патување, превозни средства, сместување, празници и временски појави.
- Учениците го повторуваат вокабуларот од темата со *Quizlet Flashcards*.
- *Sonnenblume* (сончоглед) *spielen*: еден ученик излегува на табла, замислува некоја именка од темата и ја запишува во празните полиња од листовите на сончогледот, а другите ученици погодуваат. Точните букви ученикот ги внесува во празните полиња.
- Учениците цртаат слика според прочитан текст (*Bilddiktat*).
- На учениците им се покажуваат фотографии со познати и непознати личности, тие треба да одговорат на прашањата: *Wer ist das? Was ist er/sie von Beruf? Warum macht er/sie diesen Beruf?* Притоа треба да бидат креативни и да ја активираат фантазијата.
- Учениците играат улоги во насочени дијалози, каде што менуваат одредени податоци според моделот.
- Учениците играат игра со наддавање, при што дадените реченици може да бидат точни или неточни. Најмногу поени добива групата која ќе има најголем број точни реченици.
- Учениците добиваат визуелен поттик (слики, фотографии, асоциограми) за воведување во темата за која дискутираат.
- Бура на идеи: учениците ги активираат предзнаењата од мајчиниот или од германскиот јазик.
- Учениците го вежбаат присвојниот член кај именките во датив со помош на играта Kofferpacken (*Ich fahre nach Spanien mit meinem Sonnenschirm*). Другите ученици треба да го повторат претходниот исказ и да кажат нов. Ученикот што нема да ја каже точно низата од зборови, излегува од играта.
- Учениците дополнуваат Венов дијаграм со празниците во земјите од германско говорно подрачје и од својата култура. Во пресекот ги запишуваат заедничките празници и потоа дискутираат за сличностите и разликите во прославувањето на празниците.
- Учениците изработуваат разгледница од одмор.
- Kahoot квиз: учениците одговараат прашања.
- Учениците составуваат прашања за прашалник за омилените празници. Потоа се развива дискусија како го празнуваат омилениот празник.
- Развивање дискусија за омилената професија и образложување од кои причини некоја професија им е омилена на учениците.

<table>
<tr><td colspan="2">Тема: Медиумите и училишната средина<br>Вкупно часови: 24</td></tr>
<tr><td colspan="2">Резултати од учење:<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:<br>1. разбере едноставни содржини во традиционални и современи дигитални медиуми;<br>2. планира, образува и примени куси и едноставни искази на познати теми;<br>3. примени правила за пишување едноставни видови текстови: куси описи на лични искуства, пораки, електронска пошта, разгледници и честитки;<br>4. даде насоки, препораки и совети;<br>5. реши проблемски ситуации во секојдневието и да изнајде компромиси.</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими):</td><td>Стандарди за оценување:</td></tr>
<tr><td>а) Јазични функции:<br>• именување видови медиуми<br>Im Alltag benutzen die Schüler regelmäßig viele Medien wie Handys, MP3-Player, Laptops, Tablets und Kopfhörer.<br>• давање насоки, препораки и совети<br>Du sollst nicht an meinem Tablet spielen.<br>Fahr nicht mit meinem Fahrrad – es hat kein Licht!<br>• искажување дозвола и забрана<br>Luisa darf jeden Monat zweimal ins Kino gehen.<br>Sie darf in der Schule ihr Handy nicht benutzen.<br>• искажување услов<br>Ich brauche meinen Laptop, wenn ich Texte schreiben muss. Er kauft Computerspiele, wenn er Geld hat.<br>• опишување на училиштето<br>Die Schule ist eine besondere Schule. Sie liegt in der Mitte in Deutschland, in Marburg, und die einzige Schule für blinde und sehbehinderte Schülerinnen und Schüler. Die Schüler können ab Klasse 5 die Schule besuchen und dort nach 9 Jahren das Abitur machen.</td><td>• Препознава изрази за размена на информации во врска со користењето на медиумите во секојдневието.<br>• Пронаоѓа и споредува информации од различни медиумски извори врз основа на веќе усвоени зборови и изрази.<br>• Применува усвоени изрази поврзани со информации од куси мултимедијални содржини.<br>• Применува јазични модели за давање насока, препорака или совет.<br>• Разликува изрази за искажување дозвола, забрана и услов и правилно ги употребува.<br>• Користи веќе усвоени и новонаучени изрази за опишување на училиштето.<br>• Пронаоѓа поврзаност во текстот врз основа на сигнални или клучни зборови.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| • искажување чувства<br>*Das hast du ja ganz toll gemacht!*<br>*Vielen Dank für deine Hilfe.*<br>*Das ist eine fantastische Idee.*<br>*Sei nicht traurig! Du schaffst das schon!*<br>*Das interessiert mich nicht!*<br>*Das ist mir doch egal!*<br>*Ich habe doch keine Angst*!<br>• решавање проблемски ситуации во секојдневието<br>– *Das ist meine Dusche, ich war zuerst da.*<br>– *Nein, ich war schon vorher da und habe meine Sachen hingelegt. Geh doch zu der anderen Dusche!*<br>– *Geh doch! Du ärgerst dich ja nur, weil ich zuerst da war.*<br>– *Warst du gar nicht! Hier sind meine Sachen.*<br>– *Na gut, dann geh, aber beeil dich.*<br>• воспоставување правила во проблемски ситуации<br>*Man muss anderen zuhören.*<br>*Man muss ruhig bleiben.*<br>*Man darf nicht aggressiv werden.*<br>*Wenn man etwas falsch gemacht hat, muss man sich entschuldigen.* | • Со помош на непосредно формулирани изрази опишува чувства, мисли и начин на однесување кај себе и кај другите личности.<br>• Дава предлози за позитивно разрешување на проблемски ситуации преку куси изрази. |
| б) Лексички единици:<br>• технички поими поврзани со медиумите<br>*die SMS, die E-Mail, die Nachricht, die Datei, die Homepage, das Smartphone, das Handy, das Tablet, das Internet, das Computerspiel, der Brief, der Laptop, die App, die MP3-Datei, der Film, das Foto, das Radio, der Fernseher, das Fernsehen, die Sendung, die Zeitung, die Zeitschrift, der Comic;*<br><br>*hochladen, runterladen, surfen, ansehen, anmachen, ausmachen, hören, schreiben, lesen, klingeln, checken, schicken, öffnen, schließen, starten, chatten, einloggen, ausloggen.* | • Препознава и применува лексика поврзана со медиумите.<br>• Ја опишува училишната средина користејќи веќе усвоена како и новоусвоена лексика.<br>• Применува самостојно извежбана лексика за продукција на нови, неизвежбани искази.<br>• Пренесува лексичко-граматички структури поврзани со традиционалните и современите медиуми од германски на мајчин јазик. |

| | |
|---|---|
| *Beim Frühstück sitzt mein Papa schon da und liest die Zeitung. Ich mache den Fernseher an. Mama macht ihn aus. Sie erlaubt nicht, dass ich morgens fernsehe. Sie meint, dass ich mehr Zeitung lesen soll. Ich höre lieber Das Ding. Mama merkt nicht, dass ich einen Ohrhörer im Ohr habe.*<br><br>• училишна средина<br>*das Klassenzimmer, der Lehrerraum, die Sporthalle, die Mensa, der Schulhof, der Computerraum, der Chemieraum, das Labor, das Internat, der Chor, die Band, der Austausch, der Austauschschüler, die Gastfamilie, der Unterricht, das Schulfach, die Note, die Klasse, die Stunde, das Heim, die Aktivität, der Sportverein, die Fremdsprache;*<br><br>*lernen, unterrichten, experimentieren, singen, spielen, tanzen, Musik machen, Sport treiben, Tennis spielen, zusammenwohnen, mitmachen, lesen, ausleihen, Noten schreiben;*<br><br>*praktisch, behindert, klug, intelligent, lustig, gut, schlecht, richtig, falsch, selbstständig, schüchtern, optimistisch, pessimistisch, nett, freundlich, hilfsbereit, aktiv, kreativ, faul, fleißig, besonders + Adjektiv.*<br><br>*Die Schüler kommen aus ganz Deutschland und wohnen im Internat. Das Internat ist nicht in der Schule. Es gibt mehr als 40 Wohngruppen. In jeder Wohngruppe wohnen 4 – 8 Schüler. Sie müssen jeden Morgen selbstständig zur Schule gehen.*<br>• чувства<br>*glücklich, traurig, enttäuscht, zufrieden, neidisch, froh, einsam;*<br>*sich freuen, sich ärgern, sich fühlen, sich wohlfühlen, sich schlecht fühlen, sich schämen, sich fürchten, Angst haben, wütend/böse/sauer/ nervös sein.*<br>*– Wie hast du dich gefühlt?*<br>*– Ich habe mich unsicher gefühlt. Ich hatte Angst.* | |

| | |
|---|---|
| в) Граматички структури:<br><br>• модални глаголи во сегашно време: *dürfen, sollen*<br>*Du darfst meine Nachrichten nicht checken.*<br>*Du sollst deinem Bruder bei den Hausaufgaben helfen.*<br>• модален глагол *dürfen* во претеритум<br>*Durftest du mit 10 Jahren allein ins Kino gehen?*<br>*Ab wann durftest du bei deinen Freunden schlafen?*<br>• повратни глаголи во сегашно време: *sich ärgern, sich fühlen, sich freuen, sich bedanken, sich waschen, sich kämmen, sich streiten, sich setzen, sich beeilen, sich entschuldigen, sich langweilen, sich faulenzen, sich anziehen, sich ausziehen, sich umziehen, sich föhnen*<br>*Bei so vielen Hausaufgaben ärgern sich die Schüler.*<br>*Du musst dich beeilen, der Unterricht beginnt gleich.*<br>• повратната заменка *sich* во датив и акузатив<br>*Jeden Morgen wasche ich mich, dann kämme ich mir meine Haare.*<br>валентност (специфична и/или задолжителна околина) на глаголите<br>• глаголи без друга валентност освен субјект<br>*Jana lernt in der 7. Klasse in der Grudschule.*<br>• глаголи со објект во датив<br>*Es gefällt mir, wenn wir in Kunst malen.*<br>• глаголи со објект во акузатив и со објект во датив<br>*Mein Freund gibt mir sein Heft. Ich gebe ihm meinen Kuli.*<br>• глаголи со објект во акузатив и со определба за насока<br>*Geht in die Sporthalle! Nehmt dann die Matten und legt sie auf den Boden.*<br>• глаголи со инфинитив<br>*Jeden Freitag geht die ganze Klasse mit dem Sportlerhrer schwimmen.*<br>• *haben* како главен глагол во конјунктив претеритум при учтиво обраќање<br>*Ich hätte gern ein Käsebrot und eine Limo.* | • Ги употребува модалните глаголи *dürfen* и *sollen* во сегашно време за искажување дозвола и забрана, препорака и барање.<br>• Го применува модалниот глагол *dürfen* во претеритум.<br>• Образува реченици со повратните глаголи и повратната заменка *sich* во сегашно време.<br>• Прави разлика при употреба на повратната заменка *sich* во датив и акузатив.<br>• Воочува валентност на глаголите при нивна примена.<br>• Користи глаголи без друга валентност освен субјект.<br>• Образува реченици со глаголи со објект во датив.<br>• Разликува глаголи со објект во акузатив и со објект во датив.<br>• Применува глаголи со објект во акузатив и со определба за насока.<br>• Препознава и употребува глаголи со инфинитив.<br>• Формулира реченици со глаголот *haben* како главен глагол во конјунктив претеритум при учтиво обраќање.<br>• Образува зависно-условна реченица со подредувачкиот сврзник *wenn*.<br>• Прави разлика во примената на сврзникот *wenn* во односот независна пред зависно-условна реченица и обратно.<br>• Образува прашања со прашалната заменка *welch-* во номинатив, акузатив и датив.<br>• Ги набројува и ги користи односните заменки: *der, was* во номинатив, акузатив и датив.<br>• Искажува бројни придавки: *viel, wenig.* |

| | |
|---|---|
| • зависна условна реченица со подредувачкиот сврзник *wenn* (однос: HS-NS и NS-HS)<br>*Ich fühle mich schlecht, wenn wir eine Klassenarbeit schreiben.*<br>*Wenn die Musik zu laut ist, kann ich nicht lernen.*<br>• прашална заменка *welch-* во номинатив,  акузатив и датив<br>*Welches Hobby hast du?*<br>*Für welche Fußballmannschaft bist du?*<br>*An welchem Tag hast du Geburtstag?*<br>• показна заменка *dies-* и неопределена заменка *jed-* во номинатив и акузатив<br>*Jeder Schüler und jede Schülerin bekommt die Aufgabe.*<br>*Diese Aufgabe ist vom Schülerbuch und diese ist vom Arbeitsbuch.*<br>• односните заменки: *der, was* во номинатив, акузатив и датив<br>*Das ist der Lehrer, der viel fragt. Alles, was er fragt, ist schwierig. Was soll den das sein? Wem gefallen schwierige Fragen?*<br>• бројните придавки: *viel, wenig*<br>*In der Woche habe ich wenig Freizeit, aber viele Hausaufgaben.*<br>• изговор и акцентирање на интернационализми преземени од англискиот јазик<br>*die Homepage, die App, die Site, der Laptop, die SMS, die E-Mail, mailen, chatten, checken, skypen, googeln, chillen, der Instant Messenger, der Chatroom, der Chat.*<br>• изговор на експлозивните согласки p, t, k<br>*Total kaputt!*<br>*Prima!*<br>*Fantastisch!*<br>*Cool!* | • Ја употребува показната заменка *dies-* и неопределената заменка *jed-* во номинатив и акузатив.<br>• Ја воочува аналогијата во зачестените граматички структури и врз основа на примери изведува правила.<br>• Правилно изговара и акцентира интернационализми преземени од англискиот јазик.<br>• Разликува и применува интонациски обележја кај едноставни реченици. |

| | |
|---|---|
| г) Содржини за дискусија:<br>• Претставете едно училиште од вашата земја<br>Stellt eine Schule aus eurem Land vor<br>• Сличности и разлики помеѓу учениците во нашата земја и земјите од германско говорно подрачје<br>• Интернет форум: Медиумите кои се користат во моето одделение<br>Die Medien in meiner Klasse | • Преку усвоени јазични модели опишува различни училишта од својата земја и училиште од некоја од земјите на германското говорно подрачје.<br>• Ги наведува сличностите и разликите меѓу учениците од својата земја и учениците од германското говорно поднебје и го искажува своето мислење за потребата од прифаќање на различностите.<br>• Известува за медиумите кои ги користат врсниците и прави споредба со личното искуство. |

**Примери на активности:**

- Учениците презентираат куса драматизација за одредена проблемска ситуација и по пат на предлози доаѓаат до заедничко решение.
- Учениците воспоставуваат електронска комуникација со друго одделение или партнерско училиште.
- Учениците прераскажуваат тек на настани со помош на визуелни средства како фотографии, слики и видео клипови.
- Учениците пишуваат нов крај на дадена приказна или го допишуваат делот од приказната кој недостасува.
- Учениците на лист хартија ја цртаат дланката и се опишуваат себеси, така што во секое поле впишуваат некоја лична карактеристика или чувство, потоа од листот прават топка и го оставаат на одредено место во училницата. По случаен избор некој друг ученик ги толкува карактеристиките на листот и погодува за која личност станува збор.
- Секој ученик добива лист со буква или слог и од добиените букви или слогови учениците образуваат збор, притоа застанувајќи по правилен редослед пред табла.
- Учениците играат игра со подредување на синтаксички елементи во една сложена реченица со подреден сврзник за да ги извежбаат условните и причинските реченици.
- Учениците во крстозбор ги допишуваат поимите од областа на современите медиуми.
- *Platz tauschen*: учениците го наоѓаат местото на седење и партнерот според поимот на извлечената картичка и на тој начин воспоставуваат комуникација.
- Учениците дополнуваат табела во три колони со поими за медиуми што се користеле во минатото, се користат во сегашноста и желби и претпоставки за медиуми што ќе се користат во иднина.

- Двајца ученици наизменично поставуваат прашања и одговараат на истите во врска со темата што се обработува.
- Учениците поврзуваат поими со објаснувања.
- Учениците преку дискусија прават споредба помеѓу нивното училиште и одредено училиште во некоја од земјите на германското говорно подрачје.
- Дискусија на тема: „Зошто е потребно да се прифатат различностите помеѓу културите?“
- Учениците читаат текстови од современи медиуми и ги издвојуваат клучните информации во потточки.
- Учениците слушаат и гледаат поткаст и ги толкуваат поважните информации.
- Учениците изработуваат куси видеа на тема „Медиумите во училиштето“.
- Дискусија на тема: „Медиумите кои ги користам во училиштето и во слободното време“.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот/наставничката обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. При тоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти/ки, образовни медијатори/ки, тутори/ки волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот/наставничката еднакво ги третира и момчињата и девојчињата при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс на основа на пол. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот/наставничката користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши врз основа на дадените стандарди за оценување со позитивно нагласување на постигнатиот напредок на учениците за владеење на јазикот, а не негативно истакнување на недостатоците. Бидејќи во осмо одделение по предметот Германски јазик учениците ги совладуваат сите четири јазични вештини: слушање со разбирање, читање со разбирање, говорење (говорна интеракција и продукција) и пишување (писмена интеракција и писмена продукција), наставникот/наставничката ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот/-чката или од соучениците и учеството во куси дијалози со примена на усвоениот вокабулар;
- вербалното и невербалното реагирање по слушнат исказ;
- читањето и разбирањето на куси слушнати и/или пишани искази и куси дијалози, куси едноставни песни;
- правилното пишување на зборови, реченици и куси дијалози, како и пишување по звучен модел - диктат;

- правилното пишување на реченици и куси, едноставни текстови на позната тематика;
- индивидуалните и групните изработки на проектни задачи (постери, илустрации, презентации);
- домашните задачи.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење и оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2026/2027 година |
| **Институција/носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по *Германски јазик* за VIII одделение.** | бр. 12-12084/24<br>12.9.2025 година<br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br>____________________________ |